АЛАРМ 6

ЗОНА НА САМРАКОТ: 429,36 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА ДОГОВОРНИ УСЛУГИ!?!

Структурата на трошоците на буџетот за 2014 покажува дека **Владата ќе намени најголем дел од средствата за социјални бенефиции (952 милиони евра)**, што **во споредба со 2006 година** (570 милиони евра) претставува **зголемување од 67%**. Овие податоци одат во прилог на тезата дека **буџетот нема развоен карактер, туку, пред сè служи за покривање на трошоците од влошената социо-економска состојба на граѓаните.**

Втори по големина трошоци **(628,3 милиони евра)** се оние кои се **наменети за стоки и услуги** т.е. **трошоци за патни и дневни расходи, режиски трошоци на администрацијата, трошоци за материјали, ситен инвентар и поправки, консултантски услуги и привремени вработувања.** Запрепастувачки е податокот дека има драстично зголемување на износот за договорни услуги **(429,36 милиони евра)**, т.е на средствата што власта ги користи **за плаќање надворешни консултанти и соработници**, кои зафаќаат **дури 70%** од вкупните расходи за стоки и услуги. **Уште пострашно е што трошоците за овие намени се за 45 милиони евра поголеми од износот на вкупните средства за плати на централната власт.** Убедливо најголем пораст на трошоците за договорни услуги (споредено 2006 со 2014) има кај **Владата (речиси 96 пати)** и Министерството за финансии **(речиси 12 пати).** За **привремените вработувања,** што е феномен кој го воведе оваа гарнитура на власт, **во 2014** година Владата планира да потроши **1,42 милиони евра.**

Структура на расходи 2006 и 2014



Структура на стоки и услуги во 2006 и 2014

Пораст на одделните расходи од стоки и услуги 2006 и 2014

Стоки и услуги по институции 2006 и 2014



Институции со најголем пораст на договорни услуги 2006 и 2014

Институции со најголем пораст на материјали и ситен инвентар + поправки и тековно одржување 2006 и 2014



СУМИТЕ ВО АЛАРМОТ СЕ ИЗРАЗЕНИ ВО МИЛИОНИ ЕВРА!

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА